Асоцијацијата за економско истражување, застапување и донесување економски политики Finance Think, Скопје во соработка со Општина Крушево и финансиска поддршка од Американската амбасада во Скопје, објавува:

**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА**

Обуката е во времетраење од четири дена (два викенди) и опфаќа:

- Здружување и економско јакнење на жената;
- Градење локален бренд;
- Зголемување на вештините за промоција и продажба;

Обуката е бесплатна.

**Услови за учество:**

Жени од општина Крушево, кои произведуваат локални, домашни, традиционални, еколошки производи карактеристични за Крушево. Во оваа група производи спаѓаат:

- Производи од шумски плодови (слатко, мармалад, сокови, сирупи, сушени плодови и сл);
- Домашни тестенини (кори, тарана, резанци, фиде и сл);
- Традиционални месени производи (крушевска пита, питулици, традиционални слатки и други локални специјалитети);
- Мед и производи од мед;
- Природни чаеви од еколошки чистата околина на Крушево;
- Други еколошки и традиционални производи;

Предност во селекцијата ќе имаат невработени жени и жени со месечен приход под 10.000 денари.

**Користи од учеството:**

После обуката, учесничките ќе добијат:

- Изграден бренд на производите кои ги произведуваат;
- Промоција на производите преку веб страна;
- Обезбедување основен пакет за амбалажа (тегли, дизајнирани хартиени кеси со лого, лого налепници и сл);
- Поврзување со потенцијалните купувачи преку различни форми;
- Учество на мал саем на кој ќе се продаваат производите.

**Поднесување на апликација**

Заинтересираните кандидатки може да ја доставаат апликацијата најдоцна до 10 септември на следните места:

- Адреса: Финанце Тхинк, Ул. Јордан Мијалков 50/3, Скопје;
- Email: blagica.petreski@financethink.mk
- Кутија за апликаци во кафе-бар Скар;
- Кутија за апликации во туристичко биро Крушево;

Апликациите може да ги најдете во кафе-бар Скар, туристичко биро Крушево, веб страна www.financethink.mk.